Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 29, 15 октомври 2009 година

октомври 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа германски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје биологија-биохемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на педагогија“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Теорија на воспитание“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки – Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на својата 12. седница, одржана на 1.7.2009 година, донесе Одлука (2502-67/4) за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научното подрачје ***стоматологија*** на Факултетот за медицински науки (тројца извршители). На 16.9.2009 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-88/28 и Решение број 2502-88/29 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставното подрачје *стоматологија* на Факултетот за медицински науки во Штип (тројца извршители) во следниов состав:

1. **проф. д-р Јордан Јанев, редовен професор во пензија, подрачје стоматологија,**
2. **проф д-р Бранко Василевски, редовен професор во пензија, подрачје стоматологија,**
3. **проф. д-р Славјанка Оџаклиевска, редовен професор, подрачје стоматологија, вработена во Факултетот по стоматологија при Европскиот универзитет во Скопје.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 19.8.2009 година.

На Конкурсот се пријавија: **д-р Љупчо Димитров**, магистер по стоматолошки науки, **д-р Цена Димова,** доктор специјалист, насловен доцент по предметот Орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, вработена на Клиниката за орална хирургија, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ во Скопје, и **проф. д-р Снежана Стоилова**, специјалист епидемиолог.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Д-р Љупчо Димитровски, магистер по стоматолошки науки, и проф. д-р Снежана Стоилова, специјалист епидемиолог, не ги исполнуваат условите за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија.

***Биографски податоци***

**Д-р Цена Димова** е родена во Прилеп, во 1961 година. Основно и средно образование завршува во Скопје. На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломира во 1986 година. По изведувањето на задолжителниот лекарски стаж, го положува стручниот испит во 1987 година во Скопје. Од 1989 година е вработена како стоматолог-клинички лекар на Клиниката за орална хирургија.

Специјализација по предметот Орална хирургија ѝ е одобрена во декември 1992 година, а ја завршува во март 1996 година, стекнувајќи се со звање **специјалист-орален хирург**. Во 1993/94 година се запишува на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, од областа на оралната хирургија. Студиите ги завршува во 1999 година, со среден успех 9,0.

Во текот на 1997 година е избрана за помлад асистент по предметот Орална хирургија. Во 2003 година била избрана за асистент, а во истото звање повторно била избрана во 2006 година. Во текот на 2008 година е избрана во насловно звање по група предмети од областа орална хирургија на Катедрата за орална хирургија, насловен доцент по предметот Орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во 2006 година била именувана за раководител, за стручниот и научниот дел, на Клиниката за орална хирургија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон” - Скопје.

***Стручна и научна дејност***

Д-р Цена Димова уште како стоматолог, клинички лекар, активно е вклучена во здравствениот, научниот и едукативниот процес на Клиниката, секојдневно партиципирајќи на стручен план во решавање на амбулантската и оперативната оралнохируршка казуистика, применувајќи ги современите сознанија од светската стручно-научна литература.

Согласно со предметот за кој е избрана за насловен доцент, своите стручни и научни истражувања особено ги насочува кон проблематиката од областа на хемостазата во оралната хирургија. Предмет на посебен интерес во изминатиот период ѝ бил не само клиничкиот и оралнохируршкиот приод кај здрави пациенти, туку и соодветниот третман на стекнатите и наследените крвавења, односно специфичниот и селективниот третман на пациенти со потенцијални пролонгирани посторалнохируршки крвавења.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во ноември 1999 година, по предлог на Комисијата за постдипломски студии, ја прифати предлог-пријавата за изработка на магистерски труд со наслов *„Клиничка евалуација на фибринолитичката активност на крвта при оралнохируршките интервенции”*. Магистерскиот труд јавно го одбранува на 15.4.2002 година, со што се стекнува со академски степен **магистер по стоматолошки науки**, од областа на оралната хирургија.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во октомври 2004 година, по предлог на Научниот одбор, ја усвои позитивната рецензија за предлог-пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов *„Клиничка подготовка и процена на обезбедената локална хемостаза при оралнохируршкиот третман кај пациенти со тромботични заболувања”*. Докторската дисертација јавно ја одбранува на 4.7.2007 година, со што се стекнува со академски степен **доктор на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија.**

Во декември 1995 година зема активно учество во постедукативниот семинар по орална хирургија во Скопје. Присуствува на постедукативните семинари „Трансфер на наука” во Дојран во 1997 и 1999 година. Во 2002 и 2008 година предава на XI и на XV Конгрес на студентите по стоматологија во Охрид. Покрај редовното присуство на секциите и собирите на Здружението на орални хирурзи на Македонија, активно учествува преку предавања и свои излагања во: мај 2003 г. во Струмица; ноември 2004 г. во Пробиштип; јуни 2005 г. во Битола; мај 2006 г. во Берово и во јуни 2007 г. во Радовиш на Собирот на Здружението на специјалистите по протетика. Исто така, учествува во работниот дел на Собирот на Здружението на максилофацијалните хирурзи во март 2005 г. во Битола.

Доц. д-р Цена Димова активно учествува во работата на I, II, III и IV Конгрес на стоматолозите на Македонија во 1994, 1998, 2002, 2006 година во Охрид.

Со свои трудови партиципирала на I и II Конгрес на Македонското лекарско друштво во 1999 и 2003 година. На VIII Европски конгрес на трансфузиолози со меѓународно учество во Истанбул во 2003 година активно учествува со свој труд, како и во 2004 година во Охрид, на II Конгрес на трансфузиолозите на Македонија. Во 2007 година присуствува на Симпозиумот на Здружението на трансфузиолози на Македонија и Едукативниот семинар за актуелностите од областа на хемостазата.

Активно учествува на II, III, IV, V, VI, VII, IX, X, XI и XII Балкански стоматолошки конгрес (БАСС) во: Белград - 1997 год., Софија - 1998 год., Истанбул - 1999 год., Солун - 2000 год., Букурешт - 2001 год., Кушадаси - 2002 год., Охрид - 2004 год., Белград - 2005 год., Сараево - 2006 год., Истанбул - 2007 година.

Во 2005 година учествува со свој труд на II Полско-чешко-словачки симпозиум на максилофацијалните хирурзи со меѓународно учество во замокот Кшоњск во Полска. Во 2006 година во Струга учествува на Меѓународниот конгрес „Аполонија” и во Охрид на I Конгрес на максилофацијалните хирурзи на Македонија. Во 2007 година во Скопје присуствува на едукативниот курс за фацијалната траума, под покровителство на Здружението на максилофацијални хирурзи на Македонија и Европската асоцијација на краниомаксилофацијални хирурзи.

Во изминатиов период доц. д-р Цена Димова остварува два студиски престои.

Во март 2003 година реализира студиски престој и стручно усовршување на Клиниката и Катедрата за максилофацијална хирургија на Медицинскиот универзитет во Вроцлав,

Полска, кај реномираниот проф. д-р Јан Внукиевич. Клиниката вклучува неколку оддели и центри: Центар за естетска хирургија на орофацијална регија, Трауматолошки центар, Онколошки центар, Имплантолошки центар во состав на Медицинскиот клинички центар при Медицинската академија во Вроцлав, за областа Долна Шлеска, Полска. Активно била вклучена во прегледот, дијагностицирањето и хируршкиот тераписки третман на прогениите и малоклузиите, потоа на трауматизираните и онколошките пациенти во максилофацијалната регија, и реконструктивната хирургија, употребата на дистрактори, како и реконструктивни операции на очното дно. Исто така, ѝ биле презентирани најсовремените имплантолошки системи и современите методи на имплантирање и примена на биоматеријали во оралната и максилофацијалната регија.

Во рамките на програмата и грантови Socrates - Erasmus, а под покровителство на Европската комисија за едукација и култура со седиште во Брисел, доц. д-р Цена Димова добива стипендија од програмата на Темпус за реализиција на студиски престој (септември и октомври 2005 година), исто така на Катедрата и Клиниката за максилофацијална хирургија во Вроцлав, по покана на реномираниот проф. д-р Јан Внукиевич. Во текот на престојот покрај запознавање на одделни техники на оперативни зафати во областа на лицето, вилиците и вратот, доц. д-р Цена Димова се запознава и со одделни научни испитувања што се воделе на Клиниката.

Во периодот од 2003 до 2008 година, д-р Цена Димова учествува на неколку имплантолошки семинари и курсеви по имплантологија и коскено графтирање. Имено, во текот на студиските престои во 2003 и 2005 година на Клиниката за максилофацијална хирургија при Медицинскиот универзитет во Вроцлав (Полска) зема активно и директно учество во хируршките интервенции со коскено графтирање, диригирана ткивна регенерација од програмата на биоматеријалите на Geistlich: GBR- System, Bio-Gide и Perio-System. Се запознава со T.B.R, Bicon и Imtec системите за имплантирање.

Во јуни 2004 година д-р Цена Димова го завршува основниот курс на системот Oraltroniks, Dental Implant Tchnology GmbH, во Бремен (Германија), потоа во јуни 2004 година во Албена (Бугарија) успешно го завршува курсот на 3I имплант системот, кој во програмата содржел теоретски и практичен дел, хируршки и протетски. Во истиот период учествува на I Конгрес на имплантолозите во Бугарија, кој се одржува во Албена (Бугарија). Во декември 2005 година го посетува и успешно го завршува курсот на Oraltroniks, Dental Implant Tchnology GmbH, во 2006 година учествува на постедукативниот семинар на ANKYLOS, Dentsply, Friadent, а во јануари 2008 година го завршува базичниот курс од овој систем.

Во соработка со Министерството за образование и наука, д-р Цена Димова учествува во три научноистражувачки групи, во изработката на три научноистражувачки проекти (два домашни и еден меѓународен), кои се финализирани и јавно одбранети, со следниве работни наслови:

1. Како млад истражувач учествува во научноистражувачкиот проект **„Фибринолитичка активност на крвта кај пациенти со оралнохируршки интервенции”** под раководство на проф. д-р Стојанка Костовска, Медицински факултет - Скопје, во периодот од 1.6.2000 година до 30. 6.2003 година. Шифрата на проектот и број на Договорот е 4023800/0. Проектот е јавно одбранет во јуни 2004 година.
2. Исто така, како млад истражувач учествува и во вториот научноистражувачки проект **„Проценка на хроничите периапикални лезии при конзервативен и оперативен третман (клиничка, рендгенолошка, микробиолошка, патохистолошка и имунохемиска студија)”** под раководство на проф. д-р Мирослава Стефановиќ, Стоматолошки факултет - Скопје, исто така во периодот од 1.6.2000 година до 30.6.2003 година. Шифра на проектот е 40228500/0, а број на Договорот е 08-2285/4. Проектот е јавно одбранет во мај 2004 година.
3. Во согласност со меѓувладината програма на Р. Македонија и Р. Словенија за научна и техничка соработка, учествува како истражувач во Меѓународниот билатерален научноистражувачки проект **„Тромбофилија - наследен синдром” (Thrombophillia – Hereditary syndrome).**

   Проектот е реализиран во соработка на Републичкиот завод за трансфузиологија,

Медицински факултет во Скопје, Република Македонија, и Институтот за ангиологија, Универзитетски медицински центар во Љубљана, Република Словенија, под раководство на проф. д-р Стојанка Костовска и проф. д-р Мојца Стегнар, како главни истражувачи од двете страни. Проектот се изработи во периодот од 1.1.2004 година до 30.6. 2006 година. Шифрата на проектот е BI-MK /04-05-0-10, а бројот на Договорот 17 -1009/2. Елаборатот со завршниот извештај се предадени на 27. 6.2006 година во двете министерствата за наука и образование, во Р. Македонија и Р. Словенија.

***Наставна дејност***

Уште со вработувањето на Клиниката за орална хирургија, како клинички лекар, доц. д-р Цена Димова е вклучена во едукативниот процес, помагајќи во изведувањето на вежбите по предметот Орална хирургија. Потоа, како помлад асистент и како асистент по предметот Орална хирургија, поседува висок степен на теоретска и стручна подготвеност, изграден педагошки приод во презентирањето на наставната програма и со едноставен и јасен начин ги презентира методските единици од програмата на вежбите по предметот Орална хирургија. Како насловен доцент учествува во изведување и на теоретската настава по предметите: Орална хирургија, Дентална имплантологија и Ургентни состојби во стоматологијата

Покрај изведувањето на практичната настава, учествува и во изведувањето на предиспитните вежби, како и во демонстрирањето на оралнохируршките инструменти презентирајќи ги детално и на разбирлив начин. Во периодот на 2001/2002 година. д-р Цена Димова учествува во изготвување на предметните програми за додипломски студии на Високата школа за стручни забни техничари и Високата школа за стручни стоматолошки сестри по предметите: Орална хирургија, Стерилизација и инструменти, Ургентни состојби во медицината и стоматологијата и Дентална имплантологија.

Секој семестар учествува во изготвувањето на распоредот за практична настава по предметот Орална хирургија. Со измените на наставна програма и воведувањето на писмениот дел од испитот по предметот Орална хирургија учествува во изготвувањето на прашањата за писмениот дел од испитот и ја координира работата околу создавањето на базата на испитни прашања по предметот орална хирургија.

Во рамките на трансформацијата на образовниот процес, согласно со ЕКТС, во периодот на учебната 2003/04 и 2004/05 година учествува во дефинирањето на темите од наставната програма, што студентите имаа обврска да ги подготват во форма на предавања и семинарски теми. Со овие предавања на дел од методските единици од теоретската настава за првпат била остварена интерактивна настава на студентите, и тоа не само од аспект на изведувањето на предавањето, туку и од аспектот на целокупниот процес на осмислување на предавање коешто вклучува користење домашна и стручна литература, учебни помагала, пребарувања на неколку медицински бази итн.

Студентите ја познаваат како студиозна, строга и принципиелна. Во периодот 1997-2009 година е ментор на четиринаесет студентски теми презентирани на конгресите на студентите по стоматологија, од кои три се наградени.

Има одлични познавања од неколку компјутерски програмски пакети (Office - Word, Excel, Power Point, Publisher; ColerDRAW, Paint) кои ги користи во изготвување на предавања за студенти и орални презентации.

Како насловен доцент и како специјалист по орална хирургија, во секојдневната амбулантна и оперативна оралнохируршка пракса е во постојан стручен, теоретски и практичен контакт со колегите кои го поминуваат стручниот стаж, како и со колегите кои кои го поминуваат специјалистичкиот стаж по орална хирургија, објаснувајќи го оралнохируршкиот пристап и третман, како и протоколите за одредени процедури.

Во согласност со програмата и грантовите Socrates-Erasmus-Mundus за земјите во развој, доц. д-р Цена Димова се здобива со знаење за образовните процеси поддржано од програмата на Темпус, а особено за подобрување на образованието и имплементација на Европскиот кредит-трансфер систем во оралната и максилофацијалната хирургија, покажувајќи нови пристапи, методологии и трендови.

Исто така, во рамките на оваа програма се запознава со програмата за специјализација, како и со постдипломските и постдокторските студии од областа на оралната и максилофацијалната хирургија кој била во тек на Катедрата за максилофацијална хирургија, кај проф. д-р Јан Внукиевич, Медицински универзитет во Вроцлав, Полска.

Целокупната програма за теоретската и практична настава ѝ е достапна во електронска и публицирана форма. Го следи наставниот процес (предавања и вежби) по предметите Орална хирургија и Максилофацијална хирургија, како од аспект на наставните содржини во зимскиот семестар 2005 година, така и од аспект на имплементација на Европскиот кредит-трансфер систем на нивниот универзитет, кој е во согласност со Болоњската декларација.

Исто така, се запознава со програмата за специјализацијата, како и со постдипломските и постдокторските студии од областа на оралната и максилофацијалната хирургија. Активното познавање на англискиот јазик, како и пасивното познавање на полскиот јазик ѝ овозможиле да воспостави одлична комуникација со наставниот кадар на Клиниката за максилофацијална хирургија во Вроцлав и со студентите по стоматологија во завршните години.

Во ноември 2007 година ја објавува монографијата со наслов **„Фибринолитичка активност на крвта и оралнохируршки интервенции”**. Ракописот го рецензирале проф. д-р Стојанка Костовска и проф. д-р Јордан Јанев. Монографијата е наменета за студентите на додипломски и постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет, колегите-специјалисти и специјализанти по орална и максилофацијална хирургија и сите оние што имаат желба и интерес за научноистражувачка работа од областа на оралната хирургија.

Доц. д-р Цена Димова учествува на повеќе конгреси и постедукативни семинари, во земјава и во странство. Како автор и коавтор има објавено вкупно 103 стручно-научни трудови, презентирајќи ги случаите и искуствата од сопствената клиничка практика. Од нив во домашни публикации се објавени 37 труда, а во странски публикации 42 труда.

По повод 40-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет во 1999 год. на д-р Цена Димова ѝ е доделена пофалница во знак на признание за успешно извршување на задачите и обврските на Факултетот. По повод 7 Април - Светскиот ден на здравјето, во 2000 год. ѝ е доделена благодарница за активно учество во извршувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво.

До изборот за насловен доцент има пријавено 78 труда, рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и тоа:

- при изборот за помлад асистент, рецензирани се трудовите од бр.1 до бр. 4 во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр.675,
- при изборот за асистент, рецензирани се трудовите од бр. 5 до бр. 29 во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр. 826,
- при повторен изборот за асистент, рецензирани се трудовите од бр. 30 до бр. 39 во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр. 892,
- при изборот за насловен доцент, рецензирани се трудовите од бр. 40 до бр. 78 во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр. 945.

Доц. д-р Цена Димова за изборот на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставно-научното подрачје стоматологија ги приложува трудовите од бр. 1 до бр. 103, односно од бр. 79 до бр. 103 за рецензија.

**СПИСОК НА ТРУДОВИ**

1. **Димова Ц.,** Јанев Ј., Чолаков Х., Миљковиќ Д., Симјановска Љ., ПРЕТПРОТЕТИЧКИ ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ НА МЕКИТЕ И КОСКЕНИТЕ ДЕЛОВИ НА ВИЛИЦИТЕ**.** I Конгрес на стоматолозите на Македонија (апстр.), Охрид, 1994: 108. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр.663 од 28. VI 1996 година.
2. Миљковиќ Д., Јанев Ј., Петрова Е., Поп Ацев С., **Димова Ц.,** ЖЕРМЕКТОМИЈАТА КАКО МЕТОД ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА НА ОРТОДОНТСКИТЕ АНОМАЛИИ**.** I Конгрес на стоматолозите на Македонија (апстр.), Охрид, 1994: 106. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр.663 од 28. VI 1996 година.
3. Чолаков Х., Бајрактарова Н., Јанев Ј., Симјановска Љ., **Димова Ц**., DISOSTOSIS CLEIDOCRANIALIS: приказ на случаи. I Конгрес на стоматолозите на Македонија (апстр.), Охрид, 1994: 124. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр.669 од октомври 1996 година.
4. Симјановска Љ., Бајрактарова Н., Чолаков Х., Јанев Ј., **Димова Ц.,** ХИРУРШКИ ПРИСТАП НА ИМПАКТИРАНИ КАНИНИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД МЕСТОПОЛОЖБАТА. I Конгрес на стоматолозите на Македонија (апстр.), Охрид, 1994: 109. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр.669 од октомври 1996 година.
5. **Dimova C.,** Janev J., Carcev P., Velickovski B., Simjanovska Lj., Popovska M., Kanurkova L., THERAPY ASPECTS OF TRAUMATIC LUXATION AND EXPULSION OF FRONTAL TEETH. 2nd Congress of the Balkan Stomatological Society (Abs.), Belgrade, 1997; 120 - 21. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 713 од 15. VII 1997 год.
6. Simjanovska Lj, Janev J, Peeva M, Grncarovski A, Pop-Stefanova M, **Dimova C.** SURGICAL TREATMENT OF IMPACTED PRAEMOLARS IN MAXILLE. 2nd Congress of the Balkan Stomatological Society (Abs.), Belgrade, 1997; 116. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.763 од 29. IX 2000 год.
7. **Dimova** C, Janev J. FOLLICULAR CYSTS - A RETROSPECTIVE REVIEW. 3 rd BALKAN DENTAL CONGRESS - BaSS, Sofia, 1998; 160. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.763 од 29. IX 2000 год.
8. Георгиевски З., Бајрактарова Б., Сотировска-Ивковска А., Богданова М., Цековска С., Ковачевска И., **Димова Ц.**, КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА ЕНЗИМСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ПУЛПАТА КАЈ МЛЕЧНИ И КАЈ ТРАЈНИ ЗАБИ. II конгрес на стоматолозите на Македонија (апстракти), Охрид, 1998; 14. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.731 од 30. IV 1999 год.
9. Неделкова М., Матовска Љ., **Димова Ц.**, Јовановски С., Алексова П., Миладинова Б., ПРЕМОЛАРИЗАЦИЈА - НАЧИН НА АНАТОМСКА И ФУНКЦИОНАЛНА РЕСТАВРАЦИЈА НА ЗАБНАТА НИЗА. II конгрес на стоматолозите на Македонија (апстракти), Охрид, 1998; 121. постер. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.763 од 29. IX 2000 год.
10. Ковачевска И., Атанасова Б., Стефанова - Балабанова М., Димитрова М., Георгиевски З., **Димова Ц**., ВЛИЈАНИЕТО НА АМАЛГАМСКИТЕ РЕСТАВРАЦИИ ВРЗ КЛИНИЧКАТА ЕВАЛУАЦИЈА НА ОРАЛНИТЕ ЛИХЕН ЛЕЗИИ. II Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид, 1998; 142. постер. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.763 од 29. IX 2000 год.
11. **Димова Ц.**, Јанев Ј., Георгиев З., Ковачевска И., Аџаип Д., Ристевски Д., КРИТЕРИУМИ ЗА ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ. II Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид, 1998; 155. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.763 од 29. IX 2000 год.
12. **Димова Ц.**, Јанев Ј., Георгиев З., Ковачевска И., Поповска Л., ОРАЛНОХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ХРОНИЧНИ ПЕРИАПИКАЛНИ ПАРОДОНТИТИ. Макед. мед. преглед, 1999; 53 (супл.39): 150. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.758 од 31. V 2000 год.

13. Ковачевска И., Стевановиќ М., Георгиев З., **Димова Ц**., КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ЖИВА ВО ПЛУНКАТА ПО ЕДНОСЕАНСНА АПЛИКАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ АМАЛГАМСКИ ПОЛНЕЊА. Макед. мед. преглед, 1999; 53 (супл. 39):154. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.758 од 31. V 2000 год.
14. **Dimova C.**, Janev J., Georgiev Z., FOLLICULAR CYSTS IN CHILDREN. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 189. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 758 од 31. V 2000 год.
15. **Dimova C.**, Janev J., Kovacevska I., Popovska L., ALTERNATIVES OF SURGICAL TREATMENT IN THE CIRCUMSTANCIES OF FRACTURED ROOTS. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 190. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 758 од 31. V 2000 год.
16. Kovacevska I,, Georgiev Z,, **Dimova C,**, Jovanovski S,, Korunovska V., THE PRESENCE OF MERKURY IN THE SEVERAL AMALGAM FILLINGS. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 294. постер Трудот е рецензиран во Билтенот бр.763 од 29. IX 2000 год.
17. Kovacevska I., Georgiev Z., **Dimova C.**, Jovanovski S., Popovska L., MEASURINE OF RELEASED MERCURY FROM AMALGAM FILLINGS BEFORE AND AFTER CHEWING. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 295. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 758 од 31. V 2000 год.
18. Georgiev Z., Bajraktarova B., Sotirovska-Ivkovska A., Kovacevska I., **Dimova C.,** COLAGENASE ACTIVITY IN HUMAN DENTAL PULP. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 303. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 758 од 31. V 2000 год.
19. Popovska L., Karanfilovic V., Stefanovic M., **Dimova C**., AN EVALUATION OF THE SEALING ABILITY OF TERMAFIL IN STRAIGHT AND CURVED ROOT CANALS WITH VARIOUS DEGREES. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 305. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 14. IV 2003 год.
20. Popovska L., Cekovska Z., Panovski N., **Dimova C.**, Kovacevska I., MICROBIOLOGICAL FINDING IN TEETH WITH CHRONICAL PERIAPICAL PATHOSIS. 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Istanbul, 1999; 306. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 758 од 31. V 2000 год.
21. Kovacevska I., Georgiev Z., Filipovska V., **Dimova C.,** Jovanovski S., COMPOSITE RESIN-AMALGAM COMPOUND RESTORATIONS. 5th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Thessaloniki, 2000; 38 -9. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
22. Kovacevska I., Stefanovic M., Odzaklievska S., **Dimova C**., ENDODONTIC PREPARATION OF THE MOLARS FOR THEIR HEMISECTION. 6th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Bucharest, 2001; 122. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
23. Popovska L., Stefanovic M., Janevska V., Panov S., **Dimova C**., CORRELATION BETWEEN INTERLEUCIN-1 BETA AND HISTOLOGIC FINDINGS IN HUMAN PERIAPICAL LESIONS. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Kushadasi, 2002; 74. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
24. **Dimova C,** Kostovska S, Kovacevska I, Georgiev Z, Popovska L. EVALUATION OF THE FIBRINOLYTIC CAPACITY IN THE PERIOPERATIVE ORAL SURGICAL PERIOD THROUGHTH THE TEST OF VENOSTASIS. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Kushadasi, 2002; 91. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
25. Kostovska S., **Dimova C.**, Janev E., Blazevska B., TOOTH EXTRACTIONS ON THE PATIENTS UNDER ANTICOAGULANT THERAPY. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Kushadasi, 2002; 167. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
26. Miteva N., **Dimova C.**, Janev E., Stojkoska M., CLINICAL ASPECTS OF THE MULTIPLE EXTRACTIONS. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abs.), Kushadasi, 2002; 167. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.

27. Kovacevska I., Petrovska M.,Georgiev Z., **Dimova C.**, Kurchik B., Spasenovski T., THE USE OF CALCIUM HYDROXIDE GUTTAPERCHA POINTS IN THE THERAPY OF INFECTED ROOT CANALS. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Kushadasi, 2002; 221. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
28. Georgiev Z., Petrushevska G., Kovacevska I., Sotirovska-Ivkovska A., **Dimova C.,** HISTOLOGICAL CHANGES OF THE NERVE FIBERS IN THE PULP OF DECIDUOUS TEETH IN PHASE OF RESORPTION. 7th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Kushadasi, 2002; 235. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
29. **Димова Ц**., ПРЕКУБРОЈНИ ЗАБИ. XI Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија на Македонија (апстракти), Охрид, 2002: 18. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
30. **Димова Ц.**, Писевска Н., ОДРЕДУВАЊЕ НА ИНР ПРЕД ОРАЛНО-ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АНТИКОАГУЛАНТНА ТЕРАПИЈА. III Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид, 2002; 185 - 6. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
31. Кануркова Л., **Димова Ц.,** Гудевска И., Ципунова Б., ОРТОДОНТСКО-ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ЕКТОПИЧНО ПОСТАВЕНИ КАНИНИ. III Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид, 2002; 164. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
32. Kostovska S., **Dimova C.**, Georgieva A., Todorovska E., Neceva V., Blazevska B., CORRELATION OF T-PA AND PAI WITH CLINICAL OUTCOME AFTER ORAL SURGERY. The 18th International Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine.October 20-25 Kyoto, Japan, 2002, S 199. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
33. **Димова Ц.,** КЛИНИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ФИБРИНОЛИТИЧКАТА АКТИВНОСТ НА КРВТА ПРИ ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ. Магистерски труд, Стоматолошки факултет, Скопје, 2002, магистерски труд. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 826 од 11. IV 2003 год.
34. **Димова Ц**., Костовска С., Ковачевска И., Георгиев З., ТЕСТОТ НА ВЕНСКА СТАЗА КАКО МЕТОД ЗА ПРОЦЕНА НА ФИБРИНОЛИТИЧКИОТ КАПАЦИТЕТ НА КРВТА ВО ТЕК НА ОРАЛНОХИРУШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ. XVI Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 2003. Збор. Апстр.107. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
35. Ковачевска И., Георгиев З., **Димова Ц.**, Дејанова Т., ТЕРАПИСКИ ПРИСТАП ПРИ УРГЕНТНИ СТОМАТОЛОШКИ СОСТОЈБИ. XVI Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 2003. Збор. Апстр.107. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
36. Георгиев З., Сотирова-Ивковска А., Ковачевска И., **Димова Ц.,** УРГЕНТНА ТЕРАПИЈА КАЈ ДЕНТАЛНИТЕ ПОВРЕДИ. XVI Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 2003. Збор. Апстр.109. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
37. **Dimova C.,** Kostovska S., Dejanova V., Neceva V., Blazevska B., THE BLOOD FIBRINOLYTIC ACTIVITY DURING ORAL SURGICAL INTERVENTIONS. VIII European Congress of the International Society of Blood Transfusion, Abstract book, July 5-9, Istanbul, Turkey, 2003: 68. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
38. **Dimova C.**, HEMISECTION AND ROOT AMPUTATIN OF MOLARS IN THE MANDIBLE: CLINICAL REPORT. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Ohrid, 2004; 54-5. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.
39. **Dimova C.**, Kovachevska I., ROOT END RESECTION AND RETROGRADE FILLING ASSOCIATED WITH APICAL PERMEABILITY OF DENTIN AND MICROLEAKAGE. 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, (Abs.), Ohrid, 2004; 61. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 892 од 1. III 2006 год.

